РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-240/13
20. 01. 2023 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019"), член 23 став 4 од Законот за работните односи ("Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20 и 151/21) и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерот донесе:

## ОДЛУКА

**за избор на (1) извршител за работно место по објавен оглас бр.1/2023 за работното место бр.2 на определено време**

1. За извршител на работите за работно место - **Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето**, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи - 1 (еден) извршител, на определено време, јавен оглас бр.1/2023, објавен во дневните весници „Слободен Печат" и „ Коха" на 13.01.2023 година, се избира кандидатот **Џемиле Салији.**
2. Именуваниот ќе се вработи на работно место од точката 1 по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, а врз основа на договор за вработување на **Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето**, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи, на определено време.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисија за спроведување на јавен оглас бр.1/2023 во Министерство за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр. 04-240/9 од 16.01.2023 година, врз основа на Записник од работата на комисијата за спроведување на јавен оглас констатира дека на јавниот оглас за вработување на работно место - **Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето,** Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи, на определено време, се пријавил само кандидатот **Џемиле Салији** кој ги исполнува условите од наведеното работно место.

Со оглед на тоа што именуваниот ги исполнува предвидените услови утврдени во јавниот оглас истиот може да заснова работен однос на определено време на горе наведеното работно место.

**Министер**
**Naser Nuredini**